# Употреба на голема буква

Наставник: Љумние Љама

# Употреба на голема буква

## Со голема буква се пишуваат:

- Почетниот збор на реченицата.

  На пример: Денес имав среќа.

- Имињата, презимињата и прекарите, имињата на животните и фамилиите.

  На пример: Моето име е Билјана, а моето куче се вика Арни.

- Имиња на географски поими.

  На пример: Македонија, Скопје, Пелагонија, Шар Планина, Охридско Езеро, Ново Село, Соединети Американски Држави, Европа и др.

- Имињата на жители на континенти, држави, области, национална припадност, припадници на племиња.

  На пример. Американец, Албанец, Австалиец, Германец, Македонец, Србин, Ром, Швајцарец..

- Имињата на институции, улиците, кејовите, плоштадите, објектите, организациите, фестивалите, имињата на книгите, уметничките творби, весниците, списанијата, написите, законите, прописите, документите, како и називите на востанијата, војните, битките и мировите.

  На пример. ООУ„Исмаил Чемали“, ул.Никола Грчето..

- Имињата на празниците.

  На пример: Први мај, Нова година, Божиќ, Бајрам, Единаесетти октомври, 8 Септември
  - Само првиот збор се пишува со голема буква.
  - Ако датумот е напишан со број, тогаш првиот збор што следува по бројот е со голема буква.
  На пример: 8 Март, 13 Ноември, 11 Октомври.

**Со мала буква се пишуваат:**

- Жители на населени места.

На пример: скопјанец, крушевчанец, драчевец, новоселец.

- Имињата на месеците, деновите во неделата, годишните времиња.

На пример: април, јануари, среда, сабота, лето, зима.

- Имињата на училишните предмети.

На пример: математика, англиски јазик, физика, историја.

**Одговори со полна реченица :**

- 1.Како се викаш?
- 2.Каде си роден/а?
- 3. На која улица живееш?
- 4.Како се вика мајка ти?
- 5.Како се вика татко ти?
- 6.Каде живеат твоите дедо и баба?
- 7. Како се викаат дедо ти и баба ти?
- 8.Како се вика твоето најдобро другарче?
- 9.Кој е твојот омилен празник?